ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ

водовод БИТОЛА

Јавно комунално претпријатие "ВОДОВОД" п.о.
БР. 04-1306/1
10.12 2024 ГОД.
БИТОЛА

Датум:

Врз основа на чл. 22 и 23 од Законот за РО на РМ -пречистен текст (Сл. весн.на РМ бр. 167/2015), Закон за јавни претпријатија (Сл. весн.на РМ бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14,25/15,61/15,39/16,64/18 и 35/19) и Закон за вработените во јавен сектор член 20-г (Сл.весн.на РМ бр.27/14,199/14,27/16,3/18,198/18 , 143/19 и 14/20) ЈКП„Водовод"-Битола согласно потребата од вработување на 5 (пет) извршители на неопределено време ЈКП„Водовод"-Битола објавува :

Ј А В Е Н О Г Л А С бр.01/2024
За прием на 5 (пет) извршители на неопределено време

Се распишува јавен оглас за засновање работен однос на неопределено време за следните работни места :

1. **Ракувач во одделение за водоснабдителни објекти КДР 03 05 Б02 023 – еден (1) извршител со ССС образование IV –степен или ЕЦВЕТ/М КСОО – 240 кредити, најмалку 2 години работно искуство во струката, на неопределено време.**

2. **Референт-инкасант КДР 03 05 Б02 075 - 2 (два) извршители со ССС образвование IV –степен или ЕЦВЕТ/М КСОО – 240 кредити, најмалку две години работно искуство во струката, на неопределено време.**

3. **Стражар за обезбедување КДР 04 02 А01 001- 1(еден) извршители со завршено ССС-образвование IV –степен или ЕЦВЕТ/М КСОО – 240 кредити, лиценца за обезбедување и најмалку 2(две) години работно искуство во јавен или во приватен сектор, на неопределено време.**

4. **Општ работник - второ ниво КДР 03 05 В02 031 – еден (1) извршител со основно образование, без работно искуство, на неопределено време.**

-За работното место под реден број 1 (еден) **Ракувач во одделение за водоснабдителни објекти КДР 03 05 Б02 023** дневното работно време работа во 2 смени и тоа од 07:00 до 19:00 ч. Основна нето плата изнесува 31.106,00денари плус додаток на минат труд по 0,5 % за секоја година работен стаж.

ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ

ВОДОВОД БИТОЛА

Датум: 11/12/24

-За работното место под реден број 2 (два) **Референт-инкасант КДР 03 05 Б02** 075 дневното работно време од понеделник до петок ќе трае од 7:30 до 15:00 часот. Основна нето плата изнесува 34.679,00 денари плус додаток на минат труд по 0,5 % за секоја година работен стаж.

-За работното место под реден број **3** (три) **Стражар за обезбедување КДР 04 02 А01 001 дневното работно време -** работа во 2 смени и тоа од 07:00 до 19:00 ч. и од 19:00 до 07:00 ч. Основна нето плата изнесува 27.627,00денари денари плус додаток на минат труд по 0,5 % за секоја година работен стаж.

-За работното место под реден број 4 (четири) Општ работник-второ ниво КДР 03 05 В02 031 дневното работно време од понеделник до петок ќе трае од 7:30 до 15:30 часот. Основна нето плата изнесува 25.861,00денари плус додаток на минат труд по 0,5 % за секоја година работен стаж.

Кандидатите треба да ги исполнуваат следните **општи услови:**

- Да е државјанин на РМ
- Активно да го користи македонскиот јазик
- Да е полнолетен
- Да има општа здравствена способност за работното место
- Со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност

Кандидатите треба да ги исполнуваат следните **посебни услови**:

- Да има соодветни стручни квалификации за работното место
- Да има соодветно работно искуство потребно за работното време
- Да поседува посебни работни компетенции потребни за работното место

Заинтересираните кандидати треба да ги достават следните документи за исполнување на потребните услови за работното место во оригинал или копија заверена на нотар, не постари од 6 (шест) месеци од денот на издавањето:

- Уверение за државјанство
- Доказ дека со правосилна пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција, забрана за вршење на професија, дејност или должност
- Диплома за завршено соодветно образование
- Потврда за работно искуство доколку се бара
- Пополнета пријава објавена на веб страната на ЈКП „Водовод“-Битола

Јавниот оглас трае 15(петнаесет) дена, сметано од денот на објавувањето на огласот во дневниот печат во три дневни весници од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик, различен од македонскиот.

Пријавените кандидати на јавниот оглас, ќе бидат известени за времето и местото на одржување на секоја следна фаза од постапката за селекција:

ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ

водовод БИТОЛА

Датум: 11/12/24

Фаза 1 - Административна селекција - Проверка на внесените податоци во пријавата со условите предвидени во огласот и проверка на приложените докази и
Фаза 2 - Интервју.

Пријавите ќе бидат достапни на веб-страната на ЈКП„Водовод“-Битола http://www.vodovodbt.mk а ќе можат и да се подигнат од архивата на ЈКП „Водовод“-Битола секој работен ден од 07:30 до 15:30 часот.
Кон пријавата кандидатите задолжително ги приложуваат потребните докази за податоците внесени во истата.
Кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.
Пријавите со потребната документација,кандидатите се должни да ги достават на писмено до Архивата на ЈКП “Водовод “ Битола на Ул.„16-та“ бр. 4Г, со назнака „За оглас бр.01/2024“.

Битола
11.12.2024

ЈКП „Водовод“ - Битола
В.Д.Директор Андреј Гинов

Јавно комунално претпријатие "ВОДОВОД" д.о.о. БИТОЛА

А. Гинов